**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** *www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-85

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија" бр.145/10 и 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу **Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд** (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd) **Малезија, и Г-дин Мехмет Али Ајднлар** (**Mehmet Ali Aydınlar**), државјанин на Република Турција од една страна и **Аџибадем Саглик Јатиримлари Холдинг А.Ш (Acibadem Saglik** Yatirimlari Holding A.Ş.) Република Турција од друга страна, а поднесено заеднички од **Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд** (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd) **Малезија, и Г-дин Мехмет Али Ајднлар** (Mehmet Ali **Aydınlar**), државјанин на Република Турција, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 23.12.2011 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд** (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd), Suite 17-01, Level 17, The Gardens South Tower, Mid Valley City, Lingkaran Syed Putra, 59200 Куала Лумпур, Малезија, Г-дин **Мехмет Али Ајднлар** (**Mehmet Ali Aydınlar**), со адреса Kandilli Rasathane Caddesi İdman Sokak No.5 Demirevler Sitesi Üsküdar Истамбул Турција, државјанин на Република Турција од една страна и **Аџибадем Саглик Јатиримлари Холдинг А.Ш (Acibadem Saglik Yatirimlari Holding A.Ş.**) со седиште Fahrettin Kerim Gökay Caddesi No. 49 Altunizade, Üsküdar, Истамбул Република Турција, од друга страна по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 19.12.2011 година, Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd) Малезија, и Г-дин **Мехмет Али Ајднлар** (**Mehmet Ali Aydınlar**), државјанин на Република Турција, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација (бр. 08-85) според кое Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd) Малезија, и Г-дин **Мехмет Али Ајднлар** (**Mehmet Ali Aydınlar**), државјанин на Република Турција стекнуваат заедничка контрола над Аџибадем Саглик Јатиримлари Холдинг А.Ш (Acibadem Saglik Yatirimlari Holding A.Ş.) Република Турција по пат на купопродажба на акции.

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1. **Интегрејтед Хелткер Холдингс Сдн Бхд** (Integrated Healthcare Holdings Sdn Bhd), Suite 17-01, Level 17, The Gardens South Tower, Mid Valley City, Lingkaran Syed Putra, 59200 Куала Лумпур, Малезија е холдинг компанија за групација на компании кои нудат здравствени услуги.

2. **Аџибадем Саглик Јатиримлари Холдинг А.Ш (Acibadem Saglik Yatirimlari** Holding A.Ş.) со седиште Fahrettin Kerim Gökay Caddesi No. 49 Altunizade, Üsküdar, Истамбул Република Турција, холдинг компанија.

Поврзани друштва на Аџибадем Саглик Јатиримлари Холдинг А.Ш во Република Македонија се:

- Приватна здравствена установа во мешовита сопственост - Клиничка болница АЏИБАДЕМ СИСТИНА Скопје со предмет на работење - обезбедување на болнички здравствени услуги;
- Друштво за трговија и услуги за медицинска опрема АЏИБАДЕМ СИСТИНА МЕДИКАЛ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје со предмет на работење - неспецијализирана трговија на големо и
- Приватна здравствена установа во мешовита сопственост - СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОРДИНАЦИЈА ПО МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ СИСТИНА Скопје со прдмет на работење - обезбедување на специјалистички здравствени услуги по медицината на трудот.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрација со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 ставовите (2), (3) и (4) од Законот и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**